314.15:28-05(497.7:560)(091)

**Борче Илиевски (Северна Македонија)**
**Институт за историја**
**Филозофски факултет**
**Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје**
**е-пошта: borce@fzf.ukim.edu.mk**
**orcid: 0000-0002-7570-5529**

# МИГРАЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИТЕ МУСЛИМАНИ ОД СКОПСКА ТОРБЕШИЈА ВО ПЕДЕСЕТТИТЕ ГОДИНИ ОД XX ВЕК

**Апстракт**: Во текстот, врз основа на бројни изворни архивски материјали, статистички податоци, како и врз основа на етнографска, антропогеографска, антрополошка и историографска литература, се анализира миграциското движење на муслиманското торбешко население од селата: Долно Количани, Држилово, Елово, Пагаруша, Умово и Цветово од пределот Скопска Торбешија. Се посочуваат мноштво демографски податоци преку кои се следи иселувањето кое, главно, било насочено во правец на Мала Азија, односно Турција, во периодот од Балканските војни сè до почетокот на шеесеттите години на XX век. Акцент е ставен врз миграциското движење во текот на педесеттите години, кога иселувањето било најмасовно. Преку конкретниот пример на миграциите од селото Умово се проследуваат демографските, економските и образовните последици од иселувањето.

**Клучни зборови**: Скопска Торбешија, македонски муслимани, Торбеши, миграции, пописи на население, Турција

На југ од Скопје, во сливот на Маркова Река, повеќе планински села се дел од пределната целина наречена Торбешија. Според Јован Трифуноски, пределот го сочинуваат осумнаесет села[1]. Овој предел е дел од областа Каршијак (Karşıyaka Kolu), која до Балканските војни била посебна географско-административна целина во рамките на Скопската каза. (Ѓоргиев; Илиевски 2022: 55; Хаџи Васиљевић 1930: 182 - 183). Според османлиските пописни податоци од почетокот на триесеттите години од XIX век, во селата од пределната целина Торбешија мнозинско било муслиманското население, додека позначаен број на христијанско население се

1 Според споменатиот автор, пределот Торбешија го сочинуваат селата: Рамни Габер, Вртекица, Пагаруша, Долно Количани, Драчевица, Горно Количани, Калдирец, Круша, Умово, Цветово, Малчиште, Држилово, Гороглед, Елово, Црн Врв и Патишка Река. (Трифуноски: 1958, 9).

бележи само во Патишка Река[2]; во Пагаруша имало три домаќинства и во Малчиште – едно. (Akin Zorba 2018: 27, 33 – 34)[3]

Вкупен број на жители и верска структура на населението од шесте села во Скопска Торбешија 1832/33 година.

| Село | Муслимански домаќинства | Евидентирани машки жители | Проценет број на население | Христијански домаќинства | Број на машки жители | Проценет број на население |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Д. Количани | 60 | 138 | 276 | / | / | / |
| Држилово | 41 | 132 | 264 | / | / | / |
| Елово | 32 | 120 | 240 | / | / | / |
| Пагаруша | 33 | 100 | 200 | 3 | 7 | 14 |
| Умово | 25 | 60 | 120 | / | / | / |
| Цветово | 36 | 85 | 190 | / | / | / |

Извор: Бислими, Шериф, Ибраими (2020). Османлиски документи за историјата на Македонија, Пописи од XIX век, Скопски санџак, Каза Скопје, 1832/33. Скопје.

Областа го добива името Торбешија според дел од нејзините жители „Торбеши", термин што се однесува на локалното население со македонски јазик и исламска вероисповед. Во науката преовладува ставот дека станува збор за словенско население што ја прифатило исламската вера за време на Османлиската Империја. Исламизацијата била помасовна особено по втората половина на XVI век. (Ашалковска Гајтаноска 2024: 74, 78) Во бројната литература, во зависност од времето кога е пишувана, од авторот и од идеолошкиот контекст, за ова население се употребуваат повеќе етноними: Македонци муслимани, исламизирани Македонци, Торбеши, Бугари мухамедани, Потурчањаци, Срби со муслиманска вера итн. Во научната етнолошка литература, уште од шеесеттите години од XX век, муслиманската заедница со македонски мајчин јазик се дефинира како засебна субгрупа. (Паликрушева 2016)

Според повеќе проучувачи на Скопската Котлина, исламизираното словенско население во сливот на Маркова Река се доселило од Реканската област во текот на XVIII век. Ѓорче Петров, на крајот од XIX век, пишува дека Торбешите ги населуваат селата по десната страна од течението на Маркова Река. Тие живееле од сточарство и дрварство. Петров наведува дека Торбешите се населувале постапно од Реканско, поради пасивноста на таа област, која не можела да ги исхрани. (Материяли 1896:

2 За демографските движења во селото Патишка Река во текот на XIX и првите децении на XX век, cf. (Филиповић 1930: 163 - 174).

3 Османлиските пописни регистри од триесеттите годинии на XIX век бележат миграции од споменатите села. Од Пагаруша, во периодот 1832 – 1835 година, две домаќинства се иселиле во Скопје. Во 1832 и 1833 година, две домаќинства од селото Елово се преселиле во соседното село Црн Врв. (Шериф, Бислими, Ибраими 2020: 315–316, 357, 362). Вакви локални миграции биле карактеристични и за останатите села во Каршијак. Дел од селата во овој период веќе биле аграрно пренаселени.

515–522) Васил К’нчов, на почетокот од XX век, бележи дека Торбеши живеат во шест села, во Скопската каза, јужно од Скопје. Авторот ќе констатира дека: „Скопските торбеши, и по јазик и по носија, се исти со дебарските.“ Како и Петров, и тој ја наведува народната традиција дека дека жителите во селото Долно Количани се доселиле од Жировница во Река. (Кънчов 1996: 46). На почетокот од XX век, Јован Хаџи Васиљевиќ го посетил Каршијак, бележејќи ја традицијата на ова население дека се доселило од Жировница, Галичник и Радика[4], двесте години пред неговото истражување (односно на почетокот од XVIII век). Сепак, тој временски го лоцира нивното доселување во средината на XVIII век. Хаџи Васиљевиќ ја повторува грешката на К’нчов и во описот не го наведува големото село Елово[5]. (Хаџи Васиљевић 1924: 25; Хаџи Васиљевић 1930: 241). Трифуноски, кој пределот го истражува во средината на XX век, односно четириесетина години по Хаџи Васиљевиќ, почетокот на доселувањето го одредува во втората половина на XVIII век. Според него, доселувањето траело до средината на XIX век. Најголемиот дел од доселениците потекнувале од Долна Река. Ова муслиманско население Трифуноски го одредува со етнонимот Торбеши (муслимански Македонци). (Трифуноски 1958: 55)

**Историско-демографски преглед**

Општествените и политичките промени до кои дошло по Балканските војни влијеле врз севкупниот живот на македонските мулимани. Поразот и повлекувањето на Османлиите, како и кај останатите муслимани, и кај ова население влијаело да се јави процес на иселување кон Мала Азија. Иселување од овие пасивни и планински села имало во текот на целиот XIX век, особено кон Скопје, како седиште на казата, а подоцна и како кон вилаетски центар. Теренските истражувања покажуваат дека, од средината на XIX век, дел од торбешкото население се иселувало кон Скопје и кон околните рамничарски села. Во Горно Лисиче се бележат доселеници од Пагаруша. Во Батинци, село кое припаѓа на пределната целина Долни Села, се бележат доселеници од Долно Количани и Цветово. (Трифуноски 1958: 101, 117) Во селото Бутел близу Скопје, имало доселеници од селото Елово. (Трифуноски 1955: 85) Според податоците од пописот спроведен од српските власти во пролетта 1913 година, во споменатите шест села живееле 4.649 жители (Вујичић 1914: 131-132), од кои освен петнаесетина православни жители во Пагаруша[6], сите останати биле муслимани.

4 Торбешко население од Река, односно од сливот на Радика, особено од селото Жировница, било населено и во соседната Велешка област, во селата Мелница и Горно Врановци. (Trifunoski 1977: 276). Во педесеттите години, најголем дел од ова население се иселило во Турција.

5 Во статистичките таблици на познатото дело на Васил К’нчов „Македонија етнографија и статистика“, авторот прави превид испуштајќи го од евиденцијата селото Елово (Кънчов 1996: 209). Истиот превид го повторуваат и други автори по него.

6 Последните православни домаќинства од Пагаруша се иселиле по Втората светска војна во 1946 година. Карактеристично за ова село е дека бројот на православните домаќинства во последните осум децении на османлиското владеење не се менувал. Во 1832/33 година, во селото

Вкупен број на жители според официјалните пописи во периодот 1913 – 1921 година

| Село | 1913 г. | 1916 г. | 1921 г. |
|---|---|---|---|
| Д. Количани | 848 | 907 | 720 |
| Држилово | 821 | 763 | 667 |
| Елово | 827 | 762 | 632 |
| Пагаруша | 540 | 498 | 518 |
| Умово | 725 | 870 | 615 |
| Цветово | 888 | 963 | 835 |
| вкупно | 4.649 | 4.763 | 3.987 |

Извор: Вујичић. Ант. Мил, Речник места у ослобођеној области Старе Србије по службеним податцима, Београд, 1914; Гаджанов Димитар Г., "Мюсюманското население в новоосвободените земи",*Научна* експедиција Македонија и Поморавието*, 1916 г.* съст. Петър Хр. Петров, София, 1993; *Definitivni rezultati popisa stanovništva 1921 godine*, Sarajevo, 1932; Речник места, Београд, 1925.

Иселувањето на торбешкото население од споменатите села, кое помасовно започнува со Балканските војни, го потврдува и официјалната статистика, односно пописите спроведувани во периодот 1913 – 1921 година. Вкупниот број на торбешко население во шесте села во посочениот период се намалил за 14 %. Тоа претставува двојно намалување во однос на Скопската околија, каде што меѓу 1913 и 1921 година вкупниот број на население се намалил за 7 %. (Илиевски 2017: 50)

Според антропогеографските истражувања по 1912 година, а особено во периодот меѓу двете светски војни, од овие села во Турција се иселиле стотина семејства. Најмасовно било иселувањето од селото Држилово, од каде што во текот на дваесеттите и триесеттите години во Турција се иселиле околу 40 домаќинства. Тие главно биле населени во околината на Измир. Од селото Умово, меѓу двете светски војни се иселиле 32 домаќинства, од Елово се иселиле околу 20 домаќинства, од Пагаруша имало 11 иселени домаќинства. Помал број иселеници во Турција имало и од селата Цветово и Долно Количани. Поради пасивноста на

се евидентирани три христијански домаќинства (Шериф 2021: 357). Ист број на христијански домаќинства забележал и Ѓорче Петров во последната деценија на XIX век (Материяли 1896: 520). Последното христијанско домаќинство било дел од родот Стојчевци. Во османлиската пописна евиденција од почетокот на триесеттите години од XIX век забележано е домаќинството на Стојче, син на Спасо, на 35 години, со средна даночна категорија. Евидентирани се и неговите двајца малолетни синови Велко и Јовче (Шериф 2021: 357). Последните православни жители на Пагаруша најверојатно се нивни наследници. Забелешката на Трифуноски дека во втората половина од XIX век во Пагаруша имало околу десет христијански куќи (Трифуноски 1958: 162) не соодветствува со османлиската изворна пописна евиденција. (Akin Zorba 2018: 33 – 34).

областа и аграрната пренаселеност[7], голем број иселени домаќинства имало и во Скопје. (Трифуноски: 1950, 163, 165, 174, 176, 180, 182) Карактеристично е дека македонските муслимани од Скопска Торбешија во меѓувоениот период мигрирале во Турција значително помасовно од своите соседи Албанци, кај кои се бележи иселување, но со поумерена динамика[8].

### Миграциите во педесеттите години

На почетокот од педесеттите години започнува еден мошне силен процес на иселување на турското и на другото муслиманско население од Македонија во Турција. Иселувањето ја достигнало својата кулминација во средината и втората половина на педесеттите години, по што процесот спласнал, но не престанал. Миграцијата од НР Македонија и од други делови на тогашна ФНР Југославија (Санџак и Косово) всушност започнала по посетата на турскиот министер за надворешни работи Фуат Куприли (Köprülü) на Југославија. По оваа посета, доаѓа до значајно подобрување на билатералните односи меѓу двете држави, што резултирало со потпишување на Анкарскиот договор во февруари 1953 година. Процесот на иселување се засилил по посетата на претседателот Јосип Броз Тито на Турција во април 1954 година. (Pezo 2013: 117) Иселувањето на турското и на останатото муслиманско население всушност претставувало продолжение на процесот започнат со распаѓањето на Османлиската Империја, односно продолжување на иселеничките бранови кои започнале со Балканските војни[9].

7 Споменатите села се ридско-планински, на надморска височина меѓу 500 и 1000 метри. Во атарите на селата преовладуваат пасиштата и шумите, но недостасува доволно обработлива земја (Панов 1998: 116, 121, 227), што ќе биде една од причините за постојаните миграции од овие села во текот на XIX и XX век.

8 Иселување на албанско население во Турција, во периодот меѓу двете светски војни, од областа Каршијак е забележано особено од селата Морани, Црн Врв, Патишка Река, Батинци, Јаболци, Света Петка и Малчиште (Трифуноски 1958: 66). Слична миграција се бележи и од соседните албански села во сливот на Кадина Река во Каршијак (Трифуноски 1952: 42).

9 Кај дел од истражувачите преовладува мислењето дека дел од Турците имале отпор кон новата политичка реалност по поразот на Османлиите во Балканските војни, поради што се повлекувале кон Мала Азија. Етнологот Бранислав Русиќ, за иселувањата на Турците и на Торбешите од Дебарска Жупа, ќе запише: „По ослободувањето од Турците (1912) и обединувањето (1918) и создавањето на современата турска држава, до иселување на Турците доаѓа поради нивната желба да живеат во своја народна заедница, меѓу своите сонародници со ист јазик и вера.“ За иселувањето на Торбешите од истата област, Русиќ ќе наведе: „Кога кај мнозинството Торбеши верата го потиснала или го искоренила чувството за македонско потекло, менувајќи го и создавајќи идентитет на Турци, причините за иселување во Мала Азија почиваат на истите основи како и кај вистинските Турци.“ (Русић 1957: 38). Во аргументацијата на Русиќ недостасува организираното делување на државата, односно на Кралството СХС/Југославија, која на најразлични начини се обидувала да го намали бројот на малцинствата кои ги сметала за нелојални. Оваа политика ќе доведе до потпишување на „договорот за иселување на Турците и на населението со турска култура“ меѓу Кралството Југославија и Република Турција во јули 1938 година. До имплементација на договорот не дошло, пред сè, поради кризата во меѓународните односи и скорешното започнување на Втората светска војна.

Врз динамиката на иселувањето од НР/СР Македонија несомнено влијание имала и изјавата на Лазар Колишевски[10] за Нова Македонија од 28 март 1954 година. Колишевски, во своето интервју, нагласува дека не се согласува со терминот иселување, бидејќи во овој процес не постоела никаква принуда врз населението кое сакало да ја напушти Југославија. Зборувајќи за причините поради кои ова население барало отпуст од југословенско државјанство со цел иселување во Турција, Колишевски вели: „Што се однесува на причините поради кои се бара отпуст од државјанство, можам да речам дека се тие прилично разбирливи. Пред сè, тоа се роднинските врски, верски побуди под влијание на реакцијата за одење во Турција, најпосле чувството до кој степен еден дел од турското малцинство ја сфатило нашата заедница како своја, бидејќи тоа малцинство е сепак турско, припадник на една одредена нација, и доколку тоа чувство за оваа наша социјалистичка заедница е поголемо, дотолку ќе бидат помали и тенденциите за нејзино напуштање.“ (Нова Македонија, 28.3.1954)

За одредени автори, верскиот фактор имал исто така големо влијание врз процесот на иселување, во некои случаи тој бил и поизразен од економскиот или од политичкиот. Ограничувањата во верскиот живот не биле прифатени кај голем дел од муслиманското население, а дел од муслиманското население Турција сè уште ја гледало како колевка на исламот. (Janjetović, 2023: 517) Иселувањето во педесеттите години, исто како и во целиот период по Балканските војни, е карактеристично за сите муслимански заедници кои својата религија директно ја врзувале со турското име и народ, што е несомнено остаток од долговековното владеење на Османлиската Империја на овие простори. Секако, причините се повеќеслојни, но наведените верски причини, заедно со актуелниот политички момент, најмногу придонеле за масовноста на иселеничкиот бран. (Тодоровски, 1997, 64; Светиева, 2009: 38 – 68)

Иселувањето ќе придонесе дел од жителите во НР Македонија со муслиманска вероисповед, од различно народносно потекло, на пописот во 1953 година да се декларираат како Турци. (Ilievski,  2014: 278, 283 – 287) Бројот на Турците од 95.940, или 8.32 %, во 1948 година се зголемил на 203.938, или 15.63%, во посочената 1953 година. Пописните резултати покажуваат дека во 1953 година, бројот на Турците во НР Македонија за само пет години се зголемил за 108 000, односно за фантастични 112 %.

Врз националната определба кај муслиманските заедници несомено влијание имала и политичката состојба. Во 1953 година, односно во годината  на одржување на пописот, бил потпишан Балканскиот пакт, со што Турција станала сојузник на тогашна ФНР Југославија. Во меѓувреме, верските чувства, или верскиот фанатизам кај дел од муслиманското население кај кое исламот бил силно вкоренет, биле засегнати со донесувањето на Законот против носењето зар и фереџе. Сето ова несомнено ќе има влијание врз националното определување кај

10 Лазар Колишевски (1914 – 2000) во периодот 1945 – 1953 година бил претседател на Владата на Народна Република Макеонија. Од 1953 до 1962 година бил претседател на Собранието на НРМ.  Од 1963 до 1980 година извршува повеќе функции на сојузно ниво (Кљакиќ 1994: 250).

дел од муслиманското население во НР Македонија кое сѐ уште имало нестабилно национално чувство[11].

Статистичката и демографска нелогичност на зголемувањето на турското население во НР Македонија во периодот 1948 – 1953 година и истовременото намалување на бројот на Албанците и на македонските муслимани предизвикува сомнеж кај одредени истражувачи во релевантноста на посочените пописни податоци. (Kočović 1998: 351) Југословенскиот антропогеограф Јован Ф. Трифуноски смета дека пописите спроведени во ФНРЈ/СФРЈ „не даваат сосема вистинита слика за националната припадност, бидејќи кај муслиманското население во СР Македонија – кај Албанците, Торбешите, Турците и Ромите – има поединци и групи кои не се национално јасно определени“. (Trifunoski 1988: 102 – 103)

Статистичката анализа недвосмислено потврдува дека во одредени области, како Скопско, Кумановско и Пелагонија, дел од Албанците се декларирале како Турци[12]. Ваква тенденција, со помасовен карактер, се бележи и во населените места со македонски муслимани. Според конечните резултати од пописот од 1948 година, 37.096 муслимани со македонски јазик биле евидентирани како Македонци. (*Konačni rezultati popisa stanovništva,* 1954: xvii) Веќе на следниот попис од 1953 година, најголем број од македонските муслимани ќе се декларираат како Турци, што ќе биде една од причините за толку драстичното зголемување на бројот на Турците.

И во Скопската област забележуваме големо отстапување во националната определба кај муслиманското население на пописите од 1948, од 1953 и од 1961 година[13]. Голем број Албанци од областа Каршијак во 1953 и, поумерено, во 1961 година се декларирале како Турци. Ваков процес, но многу помасовен, бележиме и во селата во Скопско населени со торбешко население. Во шесте споменати села во Скопска Торбешија, во 1948 година, имало вкупно 4.607 жители, од кои 60 жители биле евидентирани како Турци, додека останатите се Македонци. Во 1951 година Трифуноски ќе запише: „Верската поделба меѓу Торбешите и православните Македонци условила што помеѓу нив за време на Турците се јавила разлика и во националното чувство: сето православно население во поречието на Маркова Река стално се сметало како Македонци, додека Торбешите во национален поглед биле ’Турци‘, а ретко некои неопределени. Денес како ’Турци‘ се кажуваат само поединци стари Торбеши, додека кај останатите свеста дека се Македонци е сосем јасна.“ (Трифуноски 1951: 10).

11 Ваквата појава не е непозната за овие простори. Националниот идентитет кај христијанските и кај муслиманските заедници во Македонија во текот на XIX и во првите децении на XX век се покажува како прилично динамична и менлива категорија.

12 За разлика од споменатите области во Кичевско, Струшко, како и во селата во Полог, бројот на Албанците кои на пописот во 1953 година се декларирале како Турци бил минимален.

13 Ваквата тенденција во Скопскиот Регион кај дел од муслиманското население продолжила и на пописот одржан во 1965 година, кој бил спроведен во градот Скопје и Скопскиот Регион со цел да се согледаат демографските промени кои настанале во областа по катастрофалниот земјотрес од 1963 година. (Попис на населението во Скопје, 1 ноември 1965 година 1967: 161)

Ваквата констатација, или можеби впечаток, на Трифуноски набргу ќе биде демантиран. Веќе во 1953 година, од 4.716 жители на споменатите села, 4.408 жители, односно 93 % од вкупното население, се декларирале како Турци Како Македонци се декларирале само 273 жители. (Попис на населението во Скопје, 1967: 114 – 116) Ваквиот процес ќе продолжи и на следните пописи. За разлика од селата со албанско население, каде што бројот на декларираните Турци се намалувал како што стивнувал процесот на иселување во Турција, во селата со торбешко население ова не било случај[14]. Иселувањето до средината на шеесеттите години било масовно. Следните пописи тоа егзактно ќе го потврдат. Во 1961 година, во споменатите села живееле вкупно 2.585 жители, од кои 2.571 жител, односно 99 %, се декларирале за Турци. (*Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM*, 1964: 46 – 52)

Дел од авторите кои пишувале за иселувањето на торбешкото население во педесеттите години не ги отфрлаат и социјалните, односно социопсихолошките причини. Иселувањето на блиските роднини, пријателите, соседите, раѓало една верижна реакција и став дека ќе се остане сам, по што многумина се одлучувале на иселување. (Тодоровски 2000: 320) На локално ниво, карактеристичен е еден вид пропаганда која понекогаш ја ширеле имамите, а понекогаш и локалните функционери или службеници, и која влијаела врз процесот на иселување. Одборникот на општинскиот одбор во селото Цветово, Ибрахим Муарем, во споменатото село и во соседното село Елово, јавно говорел: „Ако сега не се иселите, после сите што ќе останете ќе ве покаурат (покрстат)“[15].

Како последица на иселувањето, селата Држилово, Елово, Пагаруша, Умово и Цветово бележат значително намалување на населението во меѓупописните периоди 1953 – 1965 година[16]. Единствено во Долно Количани се бележи релативно мало зголемување на бројот на жителите. Карактеристично е дека миграцијата кон Турција продолжила и во првата половина на шеесеттите години. На пописот во 1965 година, спроведен само во Скопската околија, од вкупно 1.985 жители на шесте села, 1.964 (98,94 %) се декларирале за Турци[17].

14 Во Горно Количани во Торбешија, населено со Албанци, во 1953 година 29 жители се декларирале како Албанци, а дури 835 како Турци. На следниот попис во 1961 година, 301 жител се декларирале за Албанци и 413 како Турци. И во другите предели во Скопско се бележи сличен процес. Во селото Рашче во Скопски Дервен населено со Албанци, во 1953 година 575 жители се декларирале како Албанци и 976 како Турци. Но веќе во 1961 година, 884 се декларирале како Албанци, а 552 како Турци. (*Naselenie po narodnost i naselbi vo SRM*, 1964: 46–52) Податоците за националната припадност на населението од муслиманските заедници во 1953 година се прилично неверодостојни.

15 Државен архив на Република Северна Македонија (ДАРСМ, Одделение, Скопје), 6.13.28.237/639.

16 Според некои проценки во проследуваниов период, најмногу кон средината на педесеттите години од Македонија се иселиле помеѓу десет и осумнаесет илјади Македонци со муслиманска вероисповед. (Лиманоски, 1989: 99) Бројот на иселеното торбешко население сепак е поголем. Само од селото Горно Врановци, Велешко, во периодот 1954 – 1965 година се иселиле околу 800 домаќинства со повеќе од 3.500 жители. (Trifunoski, 1977: 279).

17 Карактеристично за пописот од 1965 година е дека ниту еден жител од споменатите села не се декларирал како Македонец. (Попис на населението во Скопје од 1 ноември 1965: 1967, 114 – 116)

Намалување на вкупниот број на население во периодот 1953 – 1965 г.

| Село | 1953 | 1961 | 1965 | 1953 – 1965 % |
|---|---|---|---|---|
| Д. Количани | 827 | 818 | 912 | + 10,27 % |
| Држилово | 805 | 457 | 317 | - 60,62 % |
| Елово | 876 | 436 | 110 | - 87,44 % |
| Пагаруша | 416 | 291 | 255 | - 38,80 % |
| Умово | 825 | 64 | 15 | - 98,18 % |
| Цветово | 967 | 519 | 376 | - 61,11 % |
| вкупно | 4.716 | 2.585 | 1.985 | - 57,90 % |

Извор: *Naselenie po narodniost i naselbi vo SRM (spored administrativno – teritorijalnata podelba od 9-II-1962 godina*. Skopje, 1964; Попис на населението во Скопје од 1 ноември 1965, Скопје, 1967.

За масовноста на иселувањето и последиците кое ги оставило тоа, ќе го наведеме примерот на селото Умово, преку кој јасно може да се види влијанието на иселувањето од педесеттите години врз одредени микросредини[18]. Селото денес е целосно раселено како резултат на масовното иселување на неговите жители, најмногу во Турција, кое започнува по Балканските војни, а својот врв го достигнува во периодот 1954 – 1959 година. Васил К'нчов забележал дека кон крајот на XIX век во Умово имало 425 Бугари муслимани (Кънчов: 1996, 209). Реалниот број на жители кон крајот на XIX век бил поголем, бидејќи во 1913 година во селото, кое админитративно било дел од општината Држилово, биле евидентирани 725 жители. (Вујичић: 1914, 132) Според административното пребројување на населението од страна на бугарските власти, во 1916 година во Умово имало 870 жители Торбеши. (Гаджанов: 1993, 251) На почетокот од дваесеттите години, во Умово биле евидентирани 127 семејства со 615 жители. (Речник места: 1925, 291)

Пасивноста на селото придонела за прилично масовна миграција. Од Балканските војни до почетокот на педесеттите години, од Умово се иселило 61 семејство. Иселувањето било насочено во два правци, кон Скопје и кон Турција. Во Скопје се иселиле 29 семејства, а во Турција 32 семејства (Трифуноски: 1958, 174), односно речиси половина од бројот на евидентираните семејства на почетокот од дваесеттите години. Меѓутоа, високиот наталитет и природен прираст условиле миграцијата која се одвивала од селото да не остави значаен демографски белег. Во 1948 година, во селото биле евидентирани 783 жители, а во 1953 година нивниот број се зголемил на 825 жители, од кои 815 Турци, 6 Македонци и 3 други.

Миграцискиот процес што го зафатил муслиманското население во Македонија во педесеттите години мошне силно се одразил во село Умово. Следејќи

18 Теренските истражувања на Јован Трифуноски од 1950 година денес претставуваат извонреден историски извор за селото Умово, бидејќи непосредно по неговите истражувања, започнало иселувањето на жителите. Во селото, во 1950 година, живееле 14 родови. Најбројни и најстари родови биле Јонузовци, Аљковци, Скендеровци, Алиовци и др. доселени во селото околу средината на XVIII век. Од овие родови потекнувале најголемиот број иселеници во меѓувоениот период, како и првите иселеници во педесеттите години. (Трифуноски: 1958, 173 – 174)

го весникот Нова Македонија, каде што биле објавувани огласите на семејствата кои барале отпусти од југословенско државјанство, можеме да го проследиме процесот и динамиката на иселувањето на жителите на Умово. Првите барања за отпуст од југословенско државјанство од жители на Умово се огласени на 5 јануари 1954 година. (Нова Македонија: 5 јануари 1954) До крајот на јануари 1954 година, уште 8 семејства, со 30 полнолетни членови од Умово, побарале отпуст од југословенско државјанство. Барањата за отпуст од југословенско државјанство и иселувањето од Умово продолжило и во следниот период. Од почетокот на 1954 година до средината на 1957 година, според објавените огласи во весникот Нова Македонија, вкупно 84 семејства со 364 полнолетни жители од село Умово побарале отпуст од југословенско државјанство.

Следејќи го процесот по години, во текот на 1954 година отпуст од државјанство побарале 24 семејства, во 1955 година – 23 семејства, во 1956 година бројот на барањата бил најголем – 31 семејство, и до 30 јуни 1957 година, 6 семејства. Поради иселувањето, забрзано се намалувал и бројот на населението во Умово. Од 825 жители во 1953 година, бројот драстично се намалил на 64 жители во 1961 година и на само 14 жители во 1965 година. (Попис на населението во Скопје: 1967: 117)

Динамиката на миграцијата од селото во текот на педесеттите години од XX век можеме да ја следиме и преку евиденцијата на локалните власти, која ни дава увид и во социјалната структура, односно имотната состојба на иселениците од Умово. Од започнувањето на иселеничкиот бран на почетокот на 1954 година, до средината на 1959 година, од Умово се иселиле 132 семејства, кои располагале со неколку стотини хектари земја. Најголемиот дел од домаќинствата биле повеќечлени, 13 домаќинства имале повеќе од 10 членови. Најбројното домаќинство, она на Насуфовски Меџит, броело 18 членови. Најголемиот број од домаќинствата располагале со имот од 2 до 6 хектари. Поголемиот дел од семејствата биле слабоимотни. Најбројното домаќинство со 18 членови имало 5.8 хектари земја. Добар дел од земјата која сопствениците не можеле да ја продадат за релативно кус период бил национализиран[19]. Во извештај на Народниот одбор на Општина Ракотинци се наведува дека имот на лица од турското национално малцинство кои се иселиле во Турција, а не го продале, во село Умово имале 29 домаќинства, во Елово две домаќинства, во Држилово едно и во Чифлик две домаќинства[20]. Народниот одбор на Општина Ракотинци, на седница одржана на 20 јули 1957 година, донел одлука за престанок на работата на Земјоделската задруга во село Умово. Во одлуката се наведува дека: „Земјоделската задруга во село Умово се става во ликвидација поради непостоење на економски услови за нејзина работа."

Иселувањето имало последици и врз образовниот процес. Народниот одбор на Општина Ракотинци, во јули 1961 година, на Извршниот совет на НР Македонија му предложил да се укине училиштето во село Умово. Во образложението се наведува: „Бројот на деца и жители во село Умово во последните години е толку

19 ДАРСМ. Одд. Скопје 6.30.9.5/180 – 185.

20 ДАРСМ. Одд.. Скопје, 6.30.04.05/44.

намален поради иселувањето во Република Турција, да е оневозможена секаква наставна работа во ова училиште поради малиот број на ученици. Иселувањето од ова село и понатаму продолжува, со кое уште повеќе се намалува бројот на ученици, а веројатно до крајот на оваа година и овој број знатно би се намалил.“[21] Бројот на ученици и во останатите села населени со Торбеши во тогашната Општина Ракотинци бележи значително намалување. За пет учебни учебни години, бројот на ученици во основното училиште во село Држилово се намалил за 42,30 %, додека во селото Елово – за 47,80 %.

Број на ученици во село Држилово

| Учебна година | Број на ученици |
|---|---|
| 1956/1957 | 52 |
| 1957/1958 | 46 |
| 1958/1959 | 45 |
| 1959/1960 | 35 |
| 1960/1961 | 30 |

(Извор: ДАРСМ. Одд. Скопје, 06.30.08.01/109 – 172)

Број на ученици во село Елово

| Учебна година | Број на ученици |
|---|---|
| 1956/1957 | 92 |
| 1957/1958 | 80 |
| 1958/1959 | 63 |
| 1959/1960 | 57 |
| 1960/1961 | 48 |

(Извор: ДАРСМ. Одд. Скопје, 06.30.08.01/249 – 318).

Локалните власти, во своите анализи и извештаи, ги дефинираат муслиманските жители од споменатите села како малцинство, односно како дел од турското национално малцинство. Во информација за дискусиите што се водени во рамките на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на подрачјето на Општината Ракотинци од 1958 година, каде што административно припаѓале селата Држилово, Елово, Цветово и Умово, се анализираат „некои проблеми сред шиптарското и турското национално малцинство во општината Ракотинци“. Во делот за образованието, во информацијата, меѓу другото, се наведува: „Во нашата општина има само четири села кои се населени со турско национално малцинство, а зборуваат македонски јазик – торбешки. Бидејќи турскиот јазик во овие села е стар и непознат во нив наставата се одвива на македонски јазик...“ Подолу во истиот извештај се констатира: ...„Во селата Држилово, Елово, Цветово и Умово во школите се изведува настава на македонски јазик, бидејќи населението не знае турски јазик, а пак по националност се Турци (Торбеши)“.[22]

21 ДАРСМ. Одд. Скопје 6.30.03.17/181.

22 ДАРСМ. Одд. Скопје, 06.30.5.1/1 -14.

Посочениот изворен архивски материјал мошне јасно зборува за односот на државните и партиски власти на локално ниво кон торбешкото население кон крајот на педесеттите години и почетокот на шеесеттите години. Локалната партиска администрација нив најчесто ги смета за дел од турското национално малцинство. Ваквиот став на локалната партиска администација, конкретно во тогашната Општина Ракотици, не отстапува од тогашната генерална политика кон ова население. Дури во седумдесеттите години државните органи на републичко ниво ќе се обидат да влијаат врз националното определување на Торбешите. Ќе биде формирана и Републичка заедница на културно-научните манифестации на Македонците муслимани. Целта на организацијата била еманципација и национално осознавње на ова население и негова интеграција во македонскиот народ. (Стојановски 2008: 143 – 147; Ашталковска Гајтаноска 2024: 82) Меѓутоа, судејќи според резултатите од пописите одржани во текот на осумдесеттите и деведесеттите години од XX век, влијанието на државните фактори било незначително.

**Заклучок**

Миграцијата на турското и на другото муслиманско население од НР Македонија во текот на педесеттите години од XX век имало значајни демографски и социоекономски последици. Ваквиот процес оставил видливи демографски и економски последици и врз една пасивна микросредина каква што е Скопска Торбешија. Иселувањето од овој предел не било нова и појава. По Балканските војни, дел од муслиманското население со македонски јазик, односно Торбешите, започнало да се иселува кон Мала Азија, а потоа и кон современата турска република.

Иселувањето меѓу двете светски војни од шесте села (Долно Количани, Држилово, Елово, Пагаруша, Умово и Цветово) во Скопска Торбешија населени со торбешко население не оставило позначајни демографски последици, за разлика од миграцијата која започнала во средината на педесеттите години. Новото државно уредување, односно социјалистичка идеологија, сосема туѓа за патријархалниот дух и силно вкоренетиот ислам кај ова население, несомнено ќе придонесат за масовноста на миграцијата. Во периодот 1953 – 1965 година, бројот на населението во споменатите села се намалил за 58 %. Поголемиот дел од иселениците заминале во Р Турција. Најдрастичен е примерот на селото Умово, од кое за една деценија во Турција се иселиле речиси сите негови жители.

Торбешите од посочениот предел на сите пописи во НРМ/СРМ (со исклучок на пописот од 1948 година), во најголем дел, национално се декларирале за Турци. Во текот на педесеттите и шеесеттите години, локалните власти го дефинирале муслиманското торбешко население во своите интерни документи и анализи како малцинско турско население. Од седумдесеттите години, државните институции неуспешно се обиделе да влијаат врз националната определба на ова население.

**Извори и литература**

Државен Архив на Република Северна Македонија: Одделение Скопје:

Фонд: Народен одбор на Скопска Околија; Народен одбор на Општина Ракотинци


Ашталковска Гајтаноска, Ана. 2024. „Третманот на Торбешите во македонската Академска Заедница: Метод на Солидарност или Научен Субјективизам, ЕтноАнтропоЗум 24. Скопје: Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ, 72 – 108.

Бислими, Музафер. Шериф, Аднан. Ибраими, Ирфете. (предговор и коментари). 2020. Османлиски документи за историјата на Македонија Пописи од XIX век, Скопски Санџак, Каза Скопје 1832/33, Скопје.

Вујичић, Ант. Мил. 1914. Речник места у ослобођеној области Старе Србије. Београд: Државна штампарије Краљевине Србије.

Гаджанов Димитар Г., 1993. "Мюсюманското население в новоосвободените земи",*Научна* експедиција Македонија и Поморавието*, 1916 г.* сът. Петър Хр. Петров, София.

Ђоргиев, Драги. Илиевски, Борче. 2022. „Становништво у Скопској кази тридесетих година XIX века„ , Српске студије 13. Београд: Филозофски факултет. 48 – 67.

Илиевски, Борче. 2017. Демографските карактеристики на Вардарска Македонија меѓу двете светски војни (анализа на југословенските пописи 1921 и 1931 година). Скопје: Филозфски факултет.

Кљакиќ, Драган. 1994. Времето на Колишевски. Скопје: Матица Македонска.

Кънчов, Васил. 1996. Македония етнография и статистика (второ фототипно издание). София: проф. М. Дринов.

Лиманоски, Нијази. 1989. Исламската религија и исламизираните Македонци, Скопје: Македонска книга.

Материяали по изучуванието на Македония. 1896. София. Печатница Вълковъ.

Паликрушева, Галаба. 2016. Исламизацијата на Торбешите и формирањето на торбешката субгрупа. Скопје: Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ.

Панов, Митко. 1998. Енциклопедија на селата во Република Македонија. Скопје: Патрија.

Попис на населението во Скопје, 1 ноември 1965 година. 1967 Скопје: Градско собрание на град Скопје.

Русиќ, Бранислав. 1957. Жупа Дебарска. Скопје: Филозофски факултет на Универзитет Скопје, Историско – филолошки оддел.

Светиева, Анета. 2009. „За преселбата на балканските муслимани и за нашинците – Торбеши, Помаци и други (Турци) во Турција“. ЕтноАнтропоЗум 6. Скопје: Институт за етнологија и антропологија, ПМФ, УКИМ. 38 – 68.

Стојановски, Страшко. 2008. „Инкорпорирање на Македонските муслимани како дел од македонската нација“. Историја XLIV/1 -2. Скопје: Сојуз на историчарите на Република Македонија, 141 – 158.

Тодоровски, Глигор. 1997. „Демографските процеси во Македонија предизвикани од иселувањето на Турците во педесетите години“, Гласник на Институтот за национална историја, 1-2, Скопје: ИНИ. 55 – 77.

Трифуноски, Ј.Ф. 1951. „За Торбешите во поречието на Маркова Река„ Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, книга 4. бр.1. Скопје: Филозофски факултет.

Трифуноски Ф, Јован. 1952: Поречието на Кадина Река антропогеографски испитувања. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје.

Трифуноски Ф, Јован. 1955: Скопско поље антропогеографска проматрања. Београд: САНУ.

Трифуноски Ф, Јован. 1958, Слив Маркове Реке антропогеографска проматрања. Скопје: Филозофски факултет на Универзитетот во Скопје.

Филиповић, Миљенко. 1930. „Патишка„ Јужни преглед 4, 163 – 174.

Хаџи Васиљевић, Јован. 1924. Муслимани наше крви, Београд: Друштво Светог Саве.

Хаџи Васиљевић, Јован. 1924. Скопље *и* његова околина. Историска, етнографска и културнополитичка излагања. Београд: Штампарија Св Сава.

Akin Zorba, Hatixe. 2018. “1833 Tafihli Nufus Defterine Gore Uskup Kazasi`nin Demografik Yapisi – Demographic Structure of Skopje from the 1833 Register”. *Mediteranean Journal of Humanites*, VIII/1, 23 – 40.

*Definitivni rezultati popisa stanovništva 1921 godine*: 1932. Sarajevo: Opšta državna statistika.

Janjetović, Zoran. 2022. *Konfrontacija i integracija Nacionalne manjine u Srbiji 1944 – 1964*. Beograd: Institut za Noviju Istoriju Srbije.

Ilievski, Borče. 2014. “The Fluctuation in the National Identification of a Part of the Muslim Population in the People`s Republic of Macedonia (statistical and demographic analysis)”. Balkan Social Science Rewiev, Vol. 4, 275 – 295.

*Konačni rezultati popisa stanovništva od 15 marta 1948 godine, knjiga IX, stanovništvo po narodnosti*. 1954. Beograd: Savezni zavod za statistiku.

Kočović, Bogoljub. 1998. *Etnički i demografski razvoj Jugoslavije od 1921. Do 1991 godine, (po svim zvaničnim, a u nekim slučajevima i koregirovanim popisima). sveska II*, Paris: Bibliotheque Dialogue.

*Naselenie po narodniost i naselbi vo SRM (spored administrativno – teritorijalnata podelba od 9-II-1962 godina*. 1964. Skopje: Zavod za statistika.

Pezo, Edvin. 2013. "Komparativna analiza jugoslovensko – turske konvencije iz 1938. i "džentlmenskog sporazuma" iz 1953. Pregovori oko iseljavanje muslimana iz Jugoslavije u Tursku", *Tokovi istorije* 2, Beograd: INIS. 97 – 120.

Trifunoski F, Jovan. 1988. *Albansko stanovništvo u Socijalističkoj Republici Makedoniji antropogeografska i etnografska istraživanja.* Beograd: Književne novine.

Trifunoski F, Jovan. 1977. "Oblast Babune i Topolke", *Zbornik za narodni* život *i običaje Južnih Slavena,* Загреб: JAZU, 127 – 290.

Нова Македонија (1954 – 1957)